Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 29/2002, 85/2003 и 40/2004), член 8 став (1) точка з) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Управниот одбор на Агенцијата, на седницата одржана на ден 20.12.2005 година донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВА-ЊЕ ГО НАПЛАТУВА ОД ДРУШТВАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ ЗА 2006 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на месечниот надомест за 2006 година што од вкупните придонеси Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови.

Член 2

Висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, изразен во проценти за 2006 година изнесува 1,50%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука ќе се применува од датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Бр. 02-609/3
20 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Александар Генчов,** с.р.